Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# Програма за работа за 2023 година

## СОДРЖИНА


В О В Е Д ..... 3
1. НАДЗОР НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 5
1.1. ПРОГРАМСКИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 5
1.2. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 6
1.3. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 6
1.4. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ ..... 7
1.5. СТРУЧЕН НАДЗОР ..... 8
2. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ ..... 8
3. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ ..... 10
4. ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ ..... 10
5. НАДЗОР НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ ..... 12
6. НАДЗОР НАД ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ ..... 13
7. НАДЗОР НАД ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ ..... 14
8. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2024 ДО 2028 ГОДИНА ..... 15
9. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА ..... 15
10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА ..... 17
11. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА ..... 18
12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА ..... 19
13. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА ..... 21
14. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА ..... 22

## ВОВЕД

Во согласност со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата се грижи за обезбедување јавност во работата на радиодифузерите, ја поттикнува слободата на изразување, се грижи за заштита и развој на плурализмот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, охрабрува и поддржува постоење на разновидни, независни и самостојни аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, презема мерки во согласност со овој закон во случаите кога е извршена повреда на одредбите на овој закон или на прописите донесени врз основа на него и условите и обврските од дозволите, се грижи за обезбедување заштита на малолетните лица, ги донесува актите кои произлегуваат од овој закон, се грижи за заштита на интересите на граѓаните во областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, утврдува постоење на недозволена медиумска концентрација, одлучува за доделба, одземање или продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување, презема мерки за времено ограничување на пренос и прием на аудио и аудиовизуелни медиумски услуги од други држави на територијата на Република Македонија, донесува листа на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, поттикнува медиумска писменост, врши програмски, административен и стручен надзор, ги води регистрите утврдени со овој закон, спроведува истражувања и анализи во врска со одделни прашања од областа на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, врши мерење на гледаност или слушност на програмите, односно програмските сервиси на радиодифузерите од Република Македонија и врши и други работи утврдени со овој закон.

Имајќи ги предвид овие надлежности на Агенцијата, во програмата за работа за 2023 година се утврдени целите кои таа треба да ги исполни наредната година и активностите што ќе ги преземе за нивно остварување.

Редовна активност на Агенцијата и во 2023 година ќе биде вршењето програмски надзор над радиодифузерите согласно Годишниот план за вршење надзор, во кој е утврдено кои субјекти ќе бидат опфатени и периодот на реализација на надзорот. Во текот на целата година, преку вршење административен надзор, Агенцијата ќе продолжи да го следи исполнувањето на административните обврски на радиодифузерите, како што се обезбедувањето јавност во работењето, објавувањето импресум, обезбедувањето пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците, плаќањето на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско и радио емитување и др.

Во насока на заштита на плурализмот на сопственоста на радиодифузерите, Агенцијата ќе носи одлуки со кои ќе одобрува или забранува промени на сопственичката структура на радиодифузери, ќе врши надзори преку кои ќе ја следи нивната сопственичката структура и ќе поведува постапки за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација во случај на сопствени сознанија или податоци од заинтересирани страни за евентуална повреда на одредбите со кои се забранува стекнување сопственост.

Во 2023 година ќе продолжат активностите коишто имаат за цел обезбедување поголема достапност на аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост и повисок степен на медиумска писменост кај граѓаните, зголемување на слободата на изразување и на слободата на медиумите, обезбедување аудиовизуелни медиумски услуги по барање и реемитување на програмските сервиси согласно законските одредби и слично.

Една од најважните активности на Агенцијата следната година ќе биде започнување со изработка на Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2024-2028 година. Имено, станува збор за реализирање подготвителни активности заради утврдување на опфатот на Стратегијата, одржување состаноци со релевантни чинители во дејноста и друго.

На почетокот на 2024 година истекува важноста на најголем број од постојните дозволи за телевизиско или радио емитување. Во втората половина од 2023 година, ќе биде спроведена постапката за продолжување на важноста на дозволите на оние радиодифузери кои до Агенцијата ќе доставaт барање за продолжување, односно по разгледувањето на доставените барања Агенцијата ќе донесе одлука за продолжување на важноста на дозволата или одлука со која се одбива барањето.

Во областа на меѓународната соработка Агенцијата ќе продолжи да учествува во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област и да соработува со Советот на Европа, Мисијата на ОБСЕ во Скопје, со ОБСЕ/ОДИХР и други меѓународни тела.

## ПРОГРАМА НА ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

### 1. НАДЗОР НАД РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

### 1.1. ПРОГРАМСКИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Во согласност со „Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)", Агенцијата во 2023 година ќе спроведува редовен, вонреден и контролен надзор над програмските обврски на Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и непрофитните радиодифузни установи. Редовниот надзор ќе се прави според Годишниот план за вршење програмски надзор во 2023 година, вонредниот врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата, додека контролниот ќе се врши по истекот на рокот утврден во изречената мерка. Предмет на програмскиот надзор ќе бидат обврските кои се однесуваат на:

- Стандардите за човековите права и начелата за емитување програма;
- Заштитата на малолетните лица;
- Поттикнувањето и заштитата на културниот идентитет;
- Правилата за емитување комерцијални комуникации;
- Програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување;
- Настани со ексклузивни права на емитување и на правото на кратко известување; и
- Други програмски обврски (емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди; минимално времетраење на дневното емитување; користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите; емитување игри на среќа; поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма итн).

<u>Цел:</u> Зголемување на почитувањето на програмските обврски од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за радио и телевизиско емитување, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата.

<u>Активности:</u>

- Програмски надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)*

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

## 1.2. ДРУГИ ОБВРСКИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Исполнувањето на другите обврски на радиодифузерите Агенцијата ќе го следи преку спроведување административен надзор над нивното работење. Обврските кои ќе бидат предмет на овој надзор, а коишто се утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и во Законот за медиуми, се однесуваат на:

- Објавување импресум;
- Обезбедување пристап до информации што треба да им бидат достапни на корисниците;
- Идентификација на програмскиот сервис;
- Водење дневна евиденција на емитуваната програма;
- Снимање на излезниот сигнал од програмата;
- Доставување извештај за исполнување на програмскиот концепт; и
- Плаќање на годишниот надоместок за дозволата за телевизиско и радио емитување.

По потреба, Агенцијата ќе врши и административен надзор врз работата на радиодифузерите во однос на емитувањето програма, односно евентуалното престанување со емитување на радио или телевизиски програмски сервис подолго од 30 дена.

Цел: Зголемување на почитувањето на другите административни обврски на радиодифузерите.

Активности:

- Административен надзор над работењето на радиодифузерите

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 1.3. ЈАВНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

Агенцијата ќе спроведува административен надзор над радиодифузерите за да го следи исполнувањето на обврските од Законот за медиуми за обезбедување јавност во нивното работење. Станува збор за обврските според кои радиодифузерите се должни најдоцна до 31 март на регулаторот да му достават податоци за сопственичката структура, одговорниот уредник и за економското работење во претходната година, а најмалку три пати во текот на годината на сопствената програма да ги објават податоците за сопственичката структура, одговорниот уредник и за изворите на финансирање во претходната година.

Цел: Зголемена транспарентност на сопственичката структура, уредништвото и финансирањето на радиодифузерите.

Активности:

- Административен надзор над работењето на радиодифузерите

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 1.4. ЗАШТИТА НА ПЛУРАЛИЗМОТ НА СОПСТВЕНОСТА НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

За да се обезбеди заштита на медиумскиот плурализам, Агенцијата во 2023 година ќе продолжи да го следи почитувањето на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги кои се однесуваат на ограничувањата за стекнување сопственост во радиодифузер, посебните забрани за стекнување сопственост и спречувањето недозволената медиумска концентрација. Покрај тоа, а согласно својата законска надлежност, ќе испитува дали постојат законски пречки да се спроведе промена во сопственоста на радиодифузерите кои до Агенцијата ќе достават известувања за промена на сопственичката структура и ќе врши проверка дали некој од радиодифузерите спровел промена без претходно да ја извести Агенција и без истата да биде одобрена од нејзина страна.

Цел: Обезбедување плурализам на сопственоста на радиодифузерите.

Активности:

- Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичка структура на радиодифизерите

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Одлуки за одобрување или забрана за промена на сопственичка структура

- Следење на сопственичката структура на радиодифузерите

  Период на реализација: Во текот на годината

Резултат: Известувања од спроведени надзори; поведени постапки за утврдување недозволена медиумска концентрација, односно повреда на забраната од членовите 34, 35 и 38 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; писмени извештаи од спроведени административни надзори

- Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост (опис на медиумската сопственост, промени во сопственичката структура и констатирана недозволена медиумска концентрација кај радиодифузерите)

  Период на реализација: Прва половина од 2023 година
  Резултат: Изработен извештај за медиумската сопственост

### 1.5. СТРУЧЕН НАДЗОР

Агенцијата ќе врши стручен надзор на радиодифузерите на коишто ќе им биде доделена нова дозвола за телевизиско или радио емитување и на радиодифузерите коишто ќе ја променат локацијата на просториите во кои се произведува програмата или ќе ја прошират со нови студиски простории.

Цел: Исполнување на техничките услови за вршење на дејноста.

Активности:

- Стручен надзор на радиодифузерите

  Период на реализација: По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории
  Резултат: Записници од извршени стручни надзори

## 2. СОЦИЈАЛНА ИНКЛУЗИЈА И МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ

Медиумската писменост и обезбедувањето достапност до програмите на лицата со сетилна попреченост ќе бидат во фокусот на Агенцијата и во текот на 2023 година. Во согласност со законските обврски, активностите за поттикнување на медиумската писменост ќе се спроведуваат преку соработка со граѓанскиот сектор, образовните институции и сите други заинтересирани страни. Ќе продолжи и поддршката на македонската Мрежа за медиумска писменост. Сите активности ќе бидат насочени кон зголемување на свесноста за важноста на

медиумската писменост и кон развивање на компетенциите на македонските граѓани. Агенцијата и натаму ќе ги поттикнува аудиовизуелните медиумски услуги да обезбедат достапност до своите програми/содржини за лицата со сетилна попреченост.

Цел: Поголема достапност на аудиовизуелните медиумски услуги за лицата со сетилна попреченост и повисок степен на медиумска писменост кај македонските граѓани.

Активности:

- Поддршка на Мрежата за медиумска писменост

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Реализирани состаноци на Мрежата и спроведени проекти; уредување, ажурирање и одржување на веб сајтот за медиумска писменост; и координација на електронската комуникација во Мрежата

- Организација на Денови на медиумска писменост 2023

  Период на реализација: Во втората половина на годината
  Резултат: Одржани Денови на медиумска писменост 2023

- Јакнење на свесноста за важноста на медиумската писменост

  Период на реализација: Во текот на годината – по потреба
  Резултат: Изработен пропаганден материјал и спроведени активности

- Истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост

  Период на реализација: Во втората половина на годината
  Резултат: Направена анализа и спроведени активности

- Поттикнување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани средби и спроведени активности

- Продлабочување на соработката со организациите на лицата со сетилна попреченост

Период на реализација: Во текот на годината
Резултат: Одржани средби и спроведени активности

## 3. ПОТТИКНУВАЊЕ НА СЛОБОДАТА НА ИЗРАЗУВАЊЕ И НА СЛОБОДАТА НА МЕДИУМИТЕ

Во 2023 година ќе продолжат активностите за јакнење на редакциската култура и за независност на уредувачката политика кај радиодифузерите, како и за зголемување на свесноста за важноста на професионалните стандарди во секојдневното работење.

Цел: Зголемување на слободата на изразување и на слободата на медиумите.

Активности:

- Организација и поддршка на активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди за вршење на радиодифузната дејност

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани настани, средби и обезбеден друг вид поддршка
- Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржани настани

- Организација на работилница за радиодифузерите за начинот на известување за случаите на родово засновано насилство

  Период на реализација: Во текот на годината
  Резултат: Одржан настан

## 4. ДОЗВОЛИ ЗА ТЕЛЕВИЗИСКО ИЛИ РАДИО ЕМИТУВАЊЕ

Во 2023 година ќе започне процесот на продолжување на дозволите за телевизиско или радио емитување на оние радиодифузери чија дозвола важи до 2024 година, а кои до Агенцијата ќе поднесат барање за продолжување на важноста на дозволата, согласно членот 79 од Законот за

аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Имено, согласно овој член радиодифузерите можат до Агенцијата да доставaт барање во рок не подолг од шест месеци пред истекот на важноста на дозволата, а Советот на Агенцијата е должен во рок не подолг од 30 дена од денот на приемот на барањето да донесе одлука за продолжување или одлука со која се одбива барањето.

По службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна, Агенцијата ќе доделува дозволи за телевизиско или радио емитување за одредено ниво на гледаност или слушаност, по пат на јавен конкурс и без објавување на јавен конкурс. По пат на јавен конкурс ќе се доделуваат дозволи за телевизиско или радио емитување преку ограничен ресурс (радиофреквенции или капацитет на дигитален терестријален мултиплекс), а без објавување јавен конкурс ќе се доделуваат дозволи за програмски сервиси што се емитуваат преку јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс или преку сателит.

Цел: Зголемен квалитет на телевизиски и радио содржини коишто и се достапни на публиката, како и овозможување јавноста да има пристап до повеќе информации од различни извори.

Активности:

- Разгледување на барањата за продолжување на важноста на дозволите за телевизиско или радио емитување и донесување одлуки

  Период на реализација: Втора половина од годината
  Резултат: Донесени одлуки за продолжување на важноста на дозволите за телевизиско или радио емитување или одлуки за одбивање на барањата

- Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување по пат на јавен конкурс и без објавување јавен конкурс

  Период на реализација: По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна
  Резултат: Доделени дозволи за телевизиско или радио емитување

## 5. НАДЗОР НАД ДАВАТЕЛИТЕ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

Агенцијата ќе го следи работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање преку спроведување надзор со којшто ќе се констатира дали ги исполнуваат следните обврски утврдени во Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги:

- пренесување кинематографски дела во периодот утврден во договорите со имателите на права;
- заштита на малолетните лица;
- употреба на јазикот и
- промоција на производството и пристап до европски аудиовизуелни дела.

Во текот на годината, а врз основа на доставена пријава за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот и ќе им издава потврди за регистрација на субјектите кои ќе достават пријава за евидентирање. Покрај тоа, а врз основа на извештаите за вкупниот остварен приход на овие субјекти во изминатата година, ќе врши пресметка на годишниот надоместок за надзор кој го врши Агенцијата и ќе го следи исполнувањето на обврската за плаќање на надоместокот во законски утврдениот рок.

Цел: Обезбедување аудиовизуелни медиумски услуги по барање согласно законските одредби.

### Активности:

- Надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

- Издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање
  Резултат: Издадени потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање

- Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор

## 6. НАДЗОР НАД ОПЕРАТОРИТЕ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

За да се обезбеди дека операторите на јавни електронски комуникациски мрежи ги почитуваат одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Агенцијата ќе спроведува програмски надзор над нивното работење. Надзорот ќе се врши како редовен (согласно роковите утврдени во Годишниот план за програмски надзор), вонреден (врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица, како и во случај на сомневање по службена должност на Агенцијата) и контролен (по истекот на рокот определен во поединечниот акт), а ќе се однесува на исполнувањето на следните обврски:

- претходно регистрирање на програмските сервиси што ги реемитуваат,
- заштита на малолетните лица,
- употреба на јазикот,
- реемитување на програмските сервиси на домашните радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерот има дозвола за емитување, и
- дополнителни обврски за нив утврдени во Законот за аудио и аудиовизулни медиумски услуги.

Агенцијата ќе ги евидентира во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети оние субјекти коишто во 2023 година ќе достават пријава за евидентирање и ќе издава потврди за регистрација на програмските сервиси што тие ќе ги реемитуваат, врз основа на претходно доставена пријава и уредени авторски и сродни права.

По претходна пресметка на годишниот надоместок за надзор и доставена фактура до операторите на јавни електронски комуникациски мрежи, Агенцијата ќе го следи исполнувањето на обврската за плаќање на овој надоместок.

Цел: Реемитување на програмските сервиси согласно законските одредби.

Активности:

- Програмски надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Писмени извештаи од извршени програмски надзори

- Евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава

  Период на реализација: Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски сервиси и за регистрација на пакет програмски сервиси
  Резултат: Издадени потврди за регистрација на пакет програмски сервиси

- Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени и доставени решенија и фактури за годишен надоместок за надзор

## 7. НАДЗОР НАД ИЗДАВАЧИТЕ НА ПЕЧАТЕНИ МЕДИУМИ

Агенцијата ќе врши административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми од аспект на почитување на обврските кои се однесуваат на заштита на малолетните лица, именување одговорен уредник, објавување импресум и обезбедување јавност во работењето. Исполнувањето на првите две обврски ќе биде предмет на вонреден надзор, а надзорот во врска со обезбедувањето јавност во работењето и објавувањето импресум ќе се спроведува согласно Годишниот план за вршење административен надзор во 2023 година.

Цел: Исполнување на обврските на издавачите на печатени медиуми.

Активности:

- Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Писмени извештаи од извршени административни надзори

## 8. СТРАТЕГИЈА ЗА РАЗВОЈ НА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНАТА ДЕЈНОСТ ЗА ПЕРИОДОТ ОД 2024 ДО 2028 ГОДИНА

Во 2023 година Агенцијата ќе започне со активности за изработка на нов стратешки документ – Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот 2024-2028 година, за да ги утврди насоките на своето дејствување во следните пет години.

Цел: Утврдување цели и насоки за развој на дејноста во следните пет години, како и конкретни активности за остварување на овие цели.

Активности:

- Формирање работна група за изработка на Стратегијата, подготвителни активности и одржување состаноци со сите релевантни субјекти во областа и друго

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвена Нацрт-Стратегија за развој на аудио и аудиовизуелната дејност за периодот од 2024 до 2028 година

## 9. АНАЛИЗИ И ИСТРАЖУВАЊА

Со цел да се утврдат состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија, Агенцијата во 2023 ќе изработи Анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2022 година и Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година. И оваа година ќе продолжи да обезбедува податоци за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радиостаниците, како и да ги спроведува анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите, во согласност со обврските од Законот за еднакви можности на жените и мажите. Покрај тоа, а со цел зголемување на ефикасноста на постојните информациско комуникациски технологии, Агенцијата ќе изработи анализа за воведување нови средства и технологии во целокупниот информациско комуникациски систем на Агенцијата, со посебен акцент на системот за прием, снимање и мониторирање на аудио и аудиовизуелни содржини.

Цел: Мапирање на состојбите во индустријата, обезбедување релевантни податоци кои ќе се користат при креирањето на политиките и при спроведување на законските надлежности, обезбедување податоци за ставовите и мислењата на публиката во врска со радио и телевизиските содржини, обезбедување релевантни податоци за гледаноста на телевизиите и за слушаноста на радијата, како и воспоставување современ информациско комуникациски систем во Агенцијата.

## Активности:

- Прибирање, обработка и анализа на податоците за економските перформанси на радиодифузерите

  Период на реализација: Трет квартал од 2023 година
  Резултат: Изработена анализа на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги за 2022 година

- Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2022 година

  Период на реализација: Трет квартал од 2023 година
  Резултат: Изработена Структура на вработените во аудио и аудиовизуелната медиумска индустрија во 2022 година

- Спроведување квартални истражувања за да се обезбедат податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици што не се опфатени со електронското мерење

  Период на реализација: Секој квартал од годината
  Резултат: Извештаи од спроведени квартални истражувања и Годишен извештај за досегот на радиостаниците и за уделот во вкупната гледаност на телевизиските станици

- Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите

  Период на реализација: Во првата половина од 2023 година
  Резултат: Изработен извештај

- Истражување на јавното мислење за ставовите и мислењата на публиката во врска со радио и телевизиските содржини, потребите од дополнителни содржини и степенот на задоволство од програмската понуда

  Период на реализација: Во втората половина од годината
  Резултат: Спроведено истражување и изработен извештај

- Анализа на информациско комуникацискиот систем на Агенцијата

Период на реализација: Во првата половина од годината
Резултат: Изработена анализа за информациско комуникацискиот систем на Агенцијата

## 10. МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

Агенцијата во областа на меѓународната соработка редовно ќе учествува на состаноците на меѓународните организации и асоцијации од аудиовизуелната сфера во кои членува или има статус на набљудувач - Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA) и на други релевантни меѓународни настани од областа. Воедно, ќе продолжи да работи на продлабочување на билатералната соработка со регулаторните тела од Европа, како и со мисијата на ОБСЕ во Скопје и Советот на Европа. Исто таа ќе учествува и во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации.

Цел: Размена на информации, искуства и добри практики со регулаторни тела од аудиовизуелната сфера за прашања кои се однесуваат на имплементацијата на медиумската легислатива и учество на Агенцијата во меѓународни активности кои се посветени на поттикнување слобода на изразување, слобода на медиумите и создавање поволно опкружување за медиумите.

Активности:

- Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Разменети и стекнати искуства и информации преку учество на средби за прашања кои произлегуваат од аудиовизуелната област, потпишани протоколи и меморандуми за соработка

- Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Континуитет во примената на принципите содржани во документите на релевантните меѓународни тела поврзани со мониторинг на изборите

- Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување на слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Подигнување на институционалните капацитети преку учество на работилници, обуки и размена на информации и стекнати искуства за прашања од аудиовизуелната област

- Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвен Придонес кон Националниот извештај на Република Северна Македонија по Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на ООН; учество во Меѓуресорското тело за човекови права

## 11. ПРОЦЕС НА ЕВРОПСКА ИНТЕГРАЦИЈА

Агенцијата, во рамките на процесот на евроинтегрирање на Република Северна Македонија, ќе учествува во процесот на изготвување на измените на медиумската легислатива поради нејзино усогласување со Директивата за аудиовизуелни медиумски услуги; подготовка и имплементација на националната програма за усвојување на европското законодавство (НПАА), на средбите на работните групи и други релевантни тела за аудиовизуелната дејност. Воедно, Агенцијата во континуитет ќе ги следи можностите за користење финансиски средства од инструментот ИПА.

Цел: Усогласување на домашната со европската аудиовизуелна легислатива.

Активности:

- Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2021 – 2023 - 2025 и во работните групи формирани за оваа цел

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Изготвен придонес за подготовка на НПАА 2021 – 2023 - 2025; изготвени извештаи за спроведување на истата; одржани средби во рамки на работните групи во поглавјата 1.Политички критериуми; 3.7 Право на интелектуална сопственост; 3.8 Политика на конкуренција; 3.10 Информатичко општество и медиуми; и 3.23 Правосудство и фундаментални права

- Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Изготвени извештаи кон Придонесот за Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија; остварено учество во работните тела во процесот на европска интеграција помеѓу Европската Комисија и Република Северна Македонија, Поткомитетот за иновации, информатичко општество и социјална политика, Поткомитетот за правда и внатрешни работи и Работниот комитет за европска интеграција

## 12. ТРАНСПАРЕНТНОСТ ВО РАБОТЕЊЕТО И КОМУНИКАЦИЈА СО ЈАВНОСТА

За да обезбеди транспарентност во своето работење, Агенцијата и во 2023 година ќе организира јавни состаноци на коишто ќе ја информира јавноста и медиумите за реализираните активности. Воедно, на јавните состаноци преку презентации и дискусии ќе бидат опфатени актуелни теми од аудиовизуелната област. Транспарентноста во работењето, Агенцијата ќе ја обезбедува и преку редовно ажурирање на својата веб страница на македонски, албански и англиски јазик, правејќи ја достапна до што поголем број граѓани. На својот YouTube канал Агенцијата редовно ќе обезбедува снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и други активности. Комуникацијата со јавноста Агенцијата ќе ја остварува и преку соопштенија до медиумите, прес-конференции, изјави за медиумите и друго.

Цел: Обезбедување поголема транспарентност во работењето на Агенцијата и поефикасна комуникација со јавноста.

Активности:

- Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

  Период на реализација: Еднаш на секои три месеци

Резултат: Обезбедена можност сите заинтересирани страни да се запознаат со реализираните активности на Агенцијата согласно Годишната програма за работа и да ги изразат нивните мислења и ставови по однос на развојот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги, а особено за состојбите на пазарот на аудио и аудиовизуелните медиумски услуги

- Комуникација со јавноста

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Испратени соопштенија до медиумите, одржани прес-конференции, дадени изјави за медиуми

- Ажурирање на веб страницата на Агенцијата www.avmu.mk на македонски, албански и англиски јазик

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни информации за сите заинтересирани страни за активностите на Агенцијата

- Ажурирање на веб страницата „Родот и медиумите" на македонски, албански и англиски јазик

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Ажурирана веб страница и достапни анализи, видеа и други материјали поврзани со активностите на Агенцијата и на други институции, здруженијата и организации кои ги третираат родовите прашања

- Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера

  Период на реализација: По потреба, во текот на целата година
  Резултат: Отпечатени и дистрибуирани публикации, брошури, летоци и слично, до сите релевантни субјекти и граѓаните

- Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Поставени снимки од обуки, работилници, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата на нејзиниот YouTube канал

- Ажурирање на содржините на Facebook профилот на Агенцијата

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Поставени содржини од билатерални и други средби, јавни состаноци и слични активности на Агенцијата, најави за седниците на Советот на Агенцијата

- Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер, постапување согласно Законот за заштита на укажувачите и постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози

  Период на реализација: Во текот на целата година
  Резултат: Одговор на поднесените барања за пристап до информации од јавен карактер и нивна објава на веб страницата на Агенцијата; ажурирана листа со информации од јавен карактер; обезбедување законска заштита на укажувачите од било каков вид на повреда на права, штетно дејствие, односно опасности од штетни дејствија заради извршено пријавување и обезбедување заштита и остварување на правата и интересите на подносителите на претставката/предлогот, како и на јавните интереси утврдени со закон

## 13. ПОДИГНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИОТ КАПАЦИТЕТ НА АГЕНЦИЈАТА

Агенцијата во 2023 година ќе преземе активности во врска со проверките од страна на проверувачите од акредитираното сертификациско тело од Институтот за Акредитација на Република Северна Македонија, кое врши сертификација на системите за квалитет ISO 9001:2015, како и активности за зголемување на ефективноста и ефикасноста на вработените во Агенцијата.

Цел: Обезбедување на работата на Агенцијата согласно стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015; унапредување на способностите за ефективно и флексибилно комуницирање, отвореноста за фидбек, јакнење на вештините за примање и давање конструктивен фидбек, зголемување на отворената комуникација, намалување на интерперсоналните конфликти и јакнење на довербата и почитта кон другите членови.

Активности:

- Проверка и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата

Период на реализација: Во текот на целата година
Резултат: Проверени и разгледани процедури и задржување на ИСО сертификатот

- Дводневна работилница за тим билдинг

  Период на реализација: Во текот на втората половина од годината
  Резултат: Подобро разбирање на принципите на високо перформирачките тимови, зголемување на ангажираноста и мотивација на вработените за испорака на подобри резултати, градење тимови, зголемување на ефективноста и ефикасноста на работата преку подобра меѓусекторска соработка и подигање на етичката свест во организацијата.

## 14. ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА ВО АГЕНЦИЈАТА

Во текот на 2023 година ќе се спроведат три ревизии - врз процесот на јавни набавки, врз процесот на пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата и врз системот за заштита на лични податоци.

Цел: Зголемување на вредноста на Агенцијата и подобрување на нејзиното работење преку давање разумно уверување, а по потреба и препораки, за соодветно функционирање на процесот на јавни набавки, пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата, како и заштитата на личните податоци.

Активности:

- Ревизија врз процесот за јавни набавки

  Период на реализација: Од 1 јануари до 28 април 2023 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

- Ревизија врз процесот за пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата

  Период на реализација: Од 2 мај до 31 август 2023 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

- Ревизија врз системот за заштита на лични податоци

  Период на реализација: Од 1 септември до 31 декември 2023 година
  Резултат: Извештај од извршена ревизија

Агенција за аудио и
аудиовизуелни медиумски услуги
Претседател на Советот

_______________________
Лазо ПЕТРУШЕВСКИ

Бр. 01-4715/1
22.12. 2022 година,
Скопје

Прилог бр. 1

| ПРЕГЛЕД НА ПЛАНИРАНИТЕ АКТИВНОСТИ СПОРЕД СЕКТОРОТ КОЈ Е НАДЛЕЖЕН ЗА НИВНА РЕАЛИЗАЦИЈА И ПЕРИОД ВО КОЈШТО ТРЕБА ДА СЕ РЕАЛИЗИРААТ | | | |
|---|---|---|---|
| | Активност | Надлежен сектор | Период на реализација |
| | Програмски надзор врз програмите на радиодифузерите во согласност со *Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг)* | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Административен надзор врз работењето на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права<br>Сектор за програмски работи<br>Сектор за финансии и логистика<br>Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на годината |
| | Постапување по поднесени известувања за промена на сопственичка структура на радиодифизерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Следење на сопственичката структура на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на годината |
| | Изработка на годишен извештај за медиумската сопственост | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во првата половина од годината |
| | Стручен надзор на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права<br><br>Сектор за информатичка поддршка и општи работи | По издавање дозвола за радио или телевизиско емитување, како и при промена на локацијата на просториите во кои се произведува програма (студија) или при проширување со нови студиски простории |
| | Поддршка на Мрежата за медиумска писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Организација на Денови на медиумска писменост 2023 | Сектор за програмски работи | Во втората половина од годината |
| | Јакнење на свесноста за важноста на медиумската писменост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината – по потреба |
| | Истражување на компетенциите на децата за медиумска писменост | Сектор за програмски работи | Во втората половина од годината |
| | Поттикнување на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да ги направат своите програми/содржини достапни за лицата со сетилна попреченост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Продлабочување на соработката со организациите на лицата со сетилна попреченост | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Организација и поддршка на активности насочени кон подобрување на почитувањето на професионалните стандарди за вршење на радиодифузната дејност | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Презентација и дебата за резултатите од анализите на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Организација на работилница за радиодифузерите за начинот на известување за случаите на родово засновано насилство | Сектор за програмски работи | Во текот на годината |
| | Продолжување на важноста на дозволите за телевизиско или радио емитување на оние радиодифузери што ќе поднесат барање согласно член 79 од ЗААВМУ | Сите сектори | Во втората половина на годината |
| | Доделување дозволи за телевизиско или радио емитување | Сите сектори | По потреба, во текот на целата година, и тоа по службена должност или по прием на писмено барање од заинтересирана страна |
| | Издавање потврди за регистрација во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година, по доставени пријави за евидентирање во регистарот на даватели на аудиовизуелни медиумски услуги по барање |
| | Надзор над работењето на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Пресметка на годишниот надоместок, изготвување и доставување решенија и фактури и следење на наплатата на годишниот надоместок за надзор на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање и операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за финансии и логистика | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Евидентирање во регистарот на оператори кои реемитуваат програмски пакети и издавање потврди за регистрација на пакет програмски сервиси по претходна проверка на уредноста и комплетноста на доставената пријава | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Програмски надзор над работењето на операторите на јавни електронски комуникациски мрежи | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Административен надзор над работењето на издавачите на печатени медиуми | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата година |
| | Изработка на Нацрт-Стратегија за развој на дејноста за периодот 2024-2028 година | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во текот на целата годината |
| | Прибирање, обработка и анализа на податоците за економските перформанси на радиодифузерите | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Трет квартал од годината |
| | Анализа на бројот и структурата на вработените во телевизиските станици и во радиостаниците во 2022 година | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Трет квартал од годината |
| | Спроведување квартални истражувања за да се обезбедат податоци за слушаноста на радиостаниците и за гледаноста на телевизиските станици што не се опфатени со електронското мерење | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Секој квартал од годината |
| | Анализи на родовите прашања и на начинот на прикажување и претставување на жените и на мажите во програмите на радиодифузерите | Сектор за програмски работи | Во првата половина од годината |
| | Истражување на јавното мислење за ставовите и мислењата на публиката во врска со радио и телевизиските содржини, потребите од дополнителни содржини и степенот на задоволство од програмската понуда | Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права | Во втората половина од годината |
| | Анализа на информациско комуникацискиот систем на Агенцијата | Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во првата половина од годината |
| | Учество во работата на асоцијациите на регулаторните тела од аудиовизуелната област: Европската платформа на регулаторни тела (EPRA), Медитеранската мрежа на регулаторни тела (MNRA), Групата на европски регулатори за аудиовизуелни медиумски услуги (ERGA), на настани од меѓународен карактер релевантни за аудиовизуелната област, | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | остварување соработка и билатерални средби со регулаторните тела во Европа, особено со регулаторните тела од регионот | | |
| | Соработка со Мисијата на ОБСЕ во Скопје, Претставникот за слобода на медиумите на ОБСЕ, со ОБСЕ/ОДИХР и со други меѓународни тела, чијашто активност е поврзана со следењето на медиумското претставување за време на изборна кампања | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Соработка со Советот на Европа во активности насочени кон поттикнување на слобода на изразување и слобода на медиуми и создавање поволно опкружување за медиумите | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Учество во процесот на Универзалниот периодичен преглед на Советот за човекови права на Обединетите нации | Сектор за правни работи | Во текот на целата година |
| | Учество во подготовката и имплементацијата на Националната програма за усвојување на европското законодавство - НПАА 2021 – 2023 - 2025 и во работните групи формирани за оваа цел | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот<br>Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права<br>Сектор за правни работи<br>Сектор за информатичка поддршка и општи работи | Во текот на целата година |
| | Изготвување извештаи и информации релевантни за процесот на европска интеграција и учество во работните тела кои обезбедуваат дијалог со Европската комисија во аудиовизуелната област | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Организирање јавни состаноци на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Еднаш на секои три месеци |
| | Комуникација со јавноста | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на веб страницата на Агенцијата на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на веб страницата „Родот и медиумите“ на македонски, албански и англиски јазик | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Издавање и дистрибуција на публикации, брошури и слично, за теми од медиумската сфера | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | По потреба, во текот на целата година |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Ажурирање на содржините на YouTube каналот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Ажурирање на содржините на Facebook профилот на Агенцијата | Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Постапување по барањата што произлегуваат од Законот за слободен пристап до информациите од јавен карактер и ажурирање на листата со информации од јавен карактер, постапување согласно Законот за заштита на укажувачите и постапување согласно Законот за постапување по претставки и предлози | Службено лице за посредување со информации од јавен карактер<br><br>Сектор за поддршка на работата на директорот и на Советот | Во текот на целата година |
| | Проверка и разгледување на постојните ISO процедури во Агенцијата | Сите сектори | Во текот на целата година |
| | Дводневна работилница за тим билдинг | Сите сектори | Во текот на втората половина од годината |
| | Ревизија врз процесот за јавни набавки | Служба за внатрешна ревизија | Од 1 јануари до 28 април 2023 година |
| | Ревизија врз процесот за пресметка и исплата на платите за вработените во стручната служба на Агенцијата и надоместоците за членовите на Советот на Агенцијата | Служба за внатрешна ревизија | Од 2 мај до 31 август 2023 година |
| | Ревизија врз системот за заштита на лични податоци | Служба за внатрешна ревизија | Од 1 септември до 31 декември 2023 година |